young cities

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Омоќување на младите.
Зајакнување на заедниците.

STRONG CITIES

young cities

Млади градови е глобална, иновативна програма за градење на капацитети која ги поврзува младите луѓе со локалните власти, овозможувајќи развој на заеднички решенија за предизвиците на омразата, поларизацијата и екстремизмот ширум светот. Нашата работа гради взаемна доверба и создава можности за решавање на најгорливите прашања со кои се соочуваат заедниците во кои работиме.

Како младински столб на **Мрежата на силни градови (МСГ)**, Млади градови ја унапредува улогата која младите луѓе ја имаат во градењето на отпорноста на градовите и на заедниците во однос на омразата и поларизацијата на локално ниво. Ги користи согледувањата и искуствата на соработката на МСГ со општини ширум светот за поттикнување на влијателни, локално водени политики кои ги вклучуваат и претставуваат потребите на сите млади луѓе.

Со благородната поддршка на нашите донатори и партнери, вклучувајќи ги и локалните организации и општинските службеници, ги јакнеме младите во десет градови во Јордан, Кенија, Либан, Северна Македонија и Сенегал да работат во насока на градење на мирот во своите заедници. Во 2022 година, Млади градови отпочна со работа во градовите Антверпен и Лиж со поддршка на Амбасадата на САД во Белгија.

ПОВЕЌЕ ОД 14,5 МИЛИОНИ МЛАДИ ОПФАТЕНИ НА ГЛОБАЛНО НИВО

ЛИБАН

Саида, Триполи, Маждал Анжар

76 млади активисти обучени
14 проекти започнати
1 градски иницијативи

ПАКИСТАН

Исламабад, Лахор

70 млади активисти обучени
11 проекти започнати

БЕЛГИЈА

Антверпен, Лиж

14 млади активисти обучени
3 проекти започнати
2 градски иницијативи

СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Чаир, Гостивар

76 млади активисти обучени
24 проекти започнати
2 градски иницијативи

СЕНЕГАЛ

Дакар

28 млади активисти обучени
4 проекти започнати
2 градски иницијативи

КЕНИЈА

Момбаса, Квале, Накуру

127 млади активисти обучени
22 проекти започнати
3 градски иницијативи

ЈОРДАН

Аман

21 млади активисти обучени
3 проекти започнати
3 градски иницијативи

Утврдување на опфатот на работа и истражување:

Нашата работа е водена од докази. Пред да започнеме со проект во нов гр ад, поминуваме шест месеци истражувајќи за да го разбереме локалниот к онтекст и предизвиците со кои се соочуваат различните заедници. Ние сп роведуваме оригинално истражување, ги идентификуваме клучните засег нати страни и ги мапираме постоечките програми и политики за да можем е да го прилагодиме нашите испораки кон остварувањето на вистинските потреби.

Работилници

Младинските иновативни лаборатории к омбинираат учење преку работа за да ги в одат младите активисти низ процесот на п ланирање проекти за социјално влијание и да обезбедат можност за трансформирање на нивните идеи во делотворни планови. Истовремено, нашите работилници за гра дови помагаат во градењето на најдобрите практики на општинско ниво.

Соработка и партнерства

Социјалните предизвици бараат пов еќестран одговор. Оттука, ние ги пов рзуваме клучните актери во гра ѓанското општество, општинската уп рава и младинскиот активизам - созд авајќи можности за размена на идеи и градење доверба. Ние соработувам е со граѓанските организации со цел да ги испорачаме нашите услуги и за да ги поврземе младите луѓе со реле вантни организации. Ние исто така ја олеснуваме и тековната соработка меѓу младите и градовите.

Проекти предводени од младите

Младинските групи можат да аплицираат за финанси рање до £ 5.000 - со постојана обука и поддршка - за д а ги реализираат своите проекти во нивната заедниц а. Овозможувајќи им на младите луѓе да водат свои пр оекти, им нудиме шанса да стекнат искуство и да го п родлабочат нивното разбирање за управувањето со п роекти. Исто така, се користи увидот на младите, при донесувајќи кон оригинални проекти кои имаат вист инско влијание и поттикнувајќи значајна соработка п омеѓу младите и другите релеватни чинители.

Иницијативи за градови

Грантовите за градови даваат под дршка на нови општински иници јативи за ангажирање на младите в о нивниот град. Иницијативата Мла ди градови нуди финансирање и по стојана поддршка за да им помогна т на нашите партнери од локалните институции да спроведат истражув ање и да испорачаат активности ко и ги подобруваат нивните стратеги и и политики за ангажирање на мла ди. Програмата им дава можност ди ректно да се вклучат во работа со м ладите за да ја подобрат нивната и нклузија и да изградат доверба.

Одржливост

На нашите млади активисти им обезбеду ваме постојана поддршка од година во г одина со дополнително финансирање (**Ambassador Grants**-Амбасадорски гран тови), менторство од колеги, вмрежува ње и можности за локално и ме ѓународно претставување. **Showcase events**-Саемите помагаат да се демонстр ира влијанието на младите луѓе и општи ните, додека **City Exchanges**-размена на градови овозможува споделување на на јдобрите практики.

Млади градови во Северна Македонија

МСГ го прошири своето членство во Западниот Балкан во 2016 година. Вклучи девет општини од Северна Македонија како членови во мрежата кои активно се вклучија во активности во изминатите неколку години. Од 2020, Млади градови се надоврза на нивниот успех со тоа што ги искористи овие општински односи за подобрување на соработката со младите луѓе во решавањето на локалните предизвици кои придонесуваат кон екстремизмот, омразата и поларизацијата.

До денес, Млади градови спроведе програми во Гостивар и Скопје каде што обезбедивме директна поддршка за јакнење на 76 млади градители на мирот и обучивме 12 општински службеници за развивање на одржливи решенија кон овие предизвици. Ова резултираше со 15 проекти предводени од страна на младите кои имаат директно влијание врз 3011 млади луѓе и посредно опфатија уште 1.127.194 луѓе, како и два проекти предводени од градови со што се подобри испораката на активности на ниво на општини.

Во бројки

Одржани младински иновативни лаборатории:

4

Обучени млади градители на мирот:

76

Обучени општински службеници:

12

Започнати проекти предводени од млади:

24

Поддржани градски иницијативи:

2

Непосредно опфатени млади луѓе:

3,011

Дигитално опфатени млади луѓе:

1,127,194

Разбирање и градење на отпорноста

За да помогне при собирањето на основни информации за нашата работа во Северна Македонија, истражувачкиот тим на Млади градови зборуваше со претставниците на општините, младите и граѓанскиот сектор во Гостивар и Скопје. Тоа опфати: 20 интервјуа, две дискусии со младински фокус групи и две статистички репрезентативни студии за отпорноста кај младите. Методологијата за овие студии е дизајнирана конкретно за изградба на нашата база на докази за работата во Гостивар и во општина Чаир во Скопје. Нашето истражување утврди дека младите во двете општини се соочуваат со различни предизвици кои поттикнува голем број млади да бидат политички апатични, поларизирани, да се иселат, водат кон дискриминација, сегрегација или регрутирање во екстремистички групи.

Од најважно значење, нашето истражување покажа дека има недоразбирање во однос на разбирањето и перцепцијата помеѓу младите луѓе и општинските власти, особено во однос на начинот на кој општината работи да ги задоволи потребите на младите луѓе. Освен тоа, младите луѓе имаат ниско ниво на доверба на локалните власти, што може да го отежне заздравувањето на овие односи.

Во целина, младите луѓе изразија подготвеност да учествуваат и да бидат вклучени во граѓанските процеси кои би можеле да ги подобрат нивните заедници, но не можеле да утврдат доволно структурирани програми на ниво на заедниците за да го остварат тоа. Ова претставува пропуштена можност од страна на локалните власти да ги вклучат младите како партнери во решавањето на општествените прашања.

Младите луѓе во Чаир и во Гостивар имаат ниско ниво на доверба во локалните власти.

Младите луѓе сакаат да направат позитивен придонес во својата заедница, но сметаат дека нема доволно програми на ниво на заедница за тоа да се оствари.

Демографските податоци сами по себе се слаби фактори за предвидување на нивото на отпорност во Чаир и во Гостивар.

Младите луѓе од овие две општини изразија мала отпорност кон идејата дека насилството е прифатлива алатка за решавање на конфликти.

Повеќе од две третини од испитаниците искажаа дека или лично доживеале односно биле сведоци на дискриминација односно омраза базирана на родова или етничка припадност.

Заеднички предизвици, заеднички решенија

Омразата и поларизацијата се проблеми кои ја засегаат целата заедница и како такви, изискуваат решенија засновани на соработка на ниво на целата заедница. Нашиот пристап вклучува цела група на сектори на сите нивоа на кои што се донесуваат одлуки, надополнувајќи го постоечкото опкружување за градење на мирот, и притоа прави нови поврзаности помеѓу локалните власти, младите луѓе и актерите на граѓанското општество.

Пристап на ниво на цела заедница

Почнувајќи од нашите младински иновативни лаборатории ги запознаваме младите луѓе со владините службеници, креативните заедници, локалните НВО и други млади луѓе, за проширување на нивните мрежи и знаење во поглед на на градењето на мирот во Северна Македонија. Истражувањето и иницијативите предводени од младите кои Млади градови ги поддржуваат се исто така информирани од и ги вклучуваат сите нивоа на општеството со цел да се обезбедат разнообразни гледишта кои директно придонесуваат за решавање на омразата и на поларизацијата под водство на локалните чинители.

Соработка помеѓу младите и општините

Ние ги поврзуваме младите градители на мирот со општинските службеници за да и двете групи можат да ги унапредат своите заеднички интереси. Додека младите градители на мирот започнуваат иницијативи за поттикнување на локални промени, локалните власти можат да ги засилат тие иницијативи и да обезбедат поддршка. Притоа, Млади градови создава простор каде што младите можат да дадат свој придонес за политиките и практиките на властите преку вебинари, јавни форми и настани за јавни политики зад затворени врати.

Меѓуопштинска соработка

Општествените прашања не се ограничени во општинските граници. Младите луѓе го Скопје и Гостивар честопати се соочуваат со слични предизвици, меѓутоа истите не секогаш се манифестираат на ист начин. Нашите иницијативи за меѓуопштинска размена им овозможуваат на младите и на владините службеници од различни градови да дискутираат за горливи предизвици, да споделуваат согледувања, да разменуваат релевантни добри практики, политики и процеси, и да соработуваат во насока на заеднички решенија кои придонесуваат за унапредување на мирот и кохезијата во Северна Македонија.

Проширување на вклученоста на младите

Млади градови работи со широк опсег на млади луѓе, кои одат многу подалеку од самостојно идентификувани активисти, на поттикнување на младите луѓе од секакво потекло и со секакви вештини, да го пронајдат својот глас. Работиме со широк опсег на креативни елементи да ги изведеме на светлина критичните работи на нови, поинтересни начини со што се создаваат платформи за ангажман и лидерство на младите надвор од традиционалната политика.



Иницијативи на младите

Иницијативите предводени од млади луѓе овозможуваат изнаоѓање на вистински канали за надминување на различни предизвици и зацврстување на учеството на младите. Меѓутоа, финансирањето е критична пречка за младите градители на мирот на глобално ниво и најголем дел од можностите за финансирање не овозможуваат спроведување на проекти кои навистина се предводени од младите.

Млади градови работи на надминување на ова прашање на локално ниво преку почетен капитал кој што е конкретно прилагоден за млади луѓе кои што, во најголем дел имаат ограничено искуство во однос на управувањето со грантови и сè уште не се регистрирани како формална организација. Нашата шема за финансирање оди паралелно со тековна поддршка и градење на капацитети за да се намалат финансиските ризици и за да им се помогне на младите луѓе да стекнат критично искуство и да воспостават мрежи кои што ќе им помогнат во одржливото проширување на својата работа. Исто така им помагаме да ги евалуираат своите иницијативи да развиваат модели кои што можат да се прошират и надвор од обемот на нашата програма. Притоа, работиме со општинските лидери, како и со локални и меѓународни донатори на изнаоѓање на финансиски текови кои што подобро можат да ги поддржат напорите предводени од младите за изградба на социјална кохезија.

Додека Млади градови обезбедува насоки и поддршка за нивните проекти да имаат поголемо влијание, нашите младински тимови го дефинираат својот фокус, ги исцртуваат своите стратегии, остваруваат резултати и управуваат со сите елементи на спроведувањето на проектот. Помеѓу 2020 и 2022 година, Млади градови обучи 76 луѓе во Гостивар и во Скопје и овозможи развој и спроведување на 15 иницијативи предводени од младите. Девет од овие иницијативи добија втор циклус на финансирање преку нашата програма на амбасадорски грантови. Досега, овие иницијативи предводени од младите непосредно опфати повеќе од 3.000 млади луѓе преку активности базирани во заедниците и посредно опфати уште 1.127.194 луѓе преку онлајн кампањи.

Решавање на проблемот со родово насилство преку активизам

И покрај напредокот во насока на постигнување на родова еднаквост во изминатите години, жените и девојчињата во Северна Македонија сè уште се соочуваат со ригидни родови улоги и трпат дискриминација и злоупотреба, како онлајн така и офлајн. Предизвиците поврзани со родовите улоги честопати значат предизвици поврзани со длабоко вкоренети културни норми, при што жените често пати се обесхрабруваат да ги искажат своите ставови кога нивните искуства не се земаат предвид односно кога се тие се обвинувани за „провоцирање“ на несоодветно однесување. Младинските групи во Скопје и Гостивар го конфронтираа ваквиот статус кво со тоа што се соочија со своите заедници во однос на ова прашање, поттикнувајќи ги жените и мажите јавно да проговорат на оваа тема, и обезбедувајќи безбеден простор за женско лидерство и изразување.

Фишкелима

Скопје | 2020-2021

Фишкелима ја искористи уметноста и дигиталните медиуми за борба против родовото вознемирување и дискриминацијата. Со кампањата се јакнат млади мажи како сојузници, при што тие се охрабруваат да се спротивстават на навредлив, односно насилен, говор и однесување. Нивната кампања на социјалните медиуми се состоеше од 40 високо стилизирани постери и низа оригинални стрипови направени во партнерство со локален илустратор. Тие исто така предводеа три работилници за млади мажи и жени каде што се дискутираа нивните искуства и се пренесуваат вештини за тоа како да се одговори на вознемирување и родова дискриминација.

Дунек

Гостивар | 2020-2021

Дунек го искористи театарот за решавање на прашањето на родовата дискриминација и насилството во Гостивар. Тимот напиша и постави на сцена оригинална претстава во март 2021 година која што ја расплака публиката. Тимот ја заврши изведбата со дискусија за важните теми и ги поттикна гледачите да проговорат против родовата дискриминација. Дунек ја покажа моќта на сценските уметности како медиум за впуштање во сериозни теми и потоа успешно аплицираше за амбасадорски грант за да го сподели овој уверлив пристап со други млади луѓе.

Во есента 2021 година Дунек организираше работилници со 28 средношколци во Гостивар за да ги запознае со различните креативни медиуми – поезија, филм, музика и театар – да ги научи што е родова дискриминација и како можат да станат дел од решението. Проектот се заврши со изложба во Гостивар во ноември 2021 година.

Бубамара - ‘Ladybug’

Скопје | 2020-2021

Бубамара се спротивставува на онлајн вознемирувањето со тоа што ги поттикнува младите жени да не молчат и да го конфронтираат малтретирањето со кое што се соочуваат онлајн. Тимот анкетираше 208 млади жени во Северна Македонија во однос на нивното искуство со говор на омраза и вознемирување онлајн. Резултатите претставуваа основа за организирање на низа работилници со стручни лица – вклучувајќи и психолог, полицаец и правник – за да им се помогне на младите жени да го разберат вознемирувањето онлајн и што можат да сторат во врска со тоа. Согледувајќи дека информациите сами по себе не можат да го свртат овој тренд во обратна насока, Бубамара исто така создаде и онлајн платформа која што служи како безбеден простор за младите луѓе да ги споделуваат своите искуства, како и низа дигитални содржини за зајакнување на жртвите и подигање на свеста кај поширокатa јавност.

Во текот на проектот во рамките на платформата беа објавени 14 статии на тема вознемирување на жени и девојчиња, како и видео во кое се предизвикуваат перцепциите на луѓето за вознемирувањето и беа опфатени повеќе од 238,000 луѓе на социјални медиуми. Како амбасадори, тимот и понатаму го надоградува својот успех, проширувајќи ја својата публика да ги вклучи и мажите во нивната заедница. Тие одржуваа заеднички работилници со жени и мажи за да ги подобрат нивните способности да одговорат на онлајн вознемирување и ќе започнат со спроведување на кампања на социјалните медиуми насочена кон мажите за подигање на свеста во рамките на поширокатa заедница. Освен тоа, планираат да објават осум мислења и осум статии во националните весници кои ќе бидат објавени паралелно со онлајн кампањата.



GenW

Скопје | 2021-2022

Gen W сака да ја мобилизира својата заедница да го решава прашањето на недоволната застапеност на жените во јавната сфера. Преку јавни настани и медиумски содржини – вклучувајќи и раскажување на приказни, подкаст и книга во која што се опишани 15 жени за пример – групата работи на зголемување на свеста за искуството на жените во Северна Македонија и на јакнење на својата публика за застапување на зголемената вклученост на жените. Беа опфатени 75.000 луѓе преку нивните кампањи на различните платформи, а повеќе од 250 луѓе учествуваа на нивните настани. Освен тоа, организацијата GenW спроведе работилници за 15 млади жени во Чаир и во Кисела Вода за градење на нивните капацитети и нивната самодоверба во аспирациите за стручна исклучителност.

Организацијата Gen-W се надоградува на својот успешен проект со амбасадорски грант во 2022 година. Тука се вклучуваат повеќе ПичПрич настани – јавни говори каде што се промовира женското лидерство и кои се многу посакувани во Скопје по нивното првично спроведување, како и подкасти и видкасти посветени на жените во Северна Македонија. Тие се стремат да го искористат својот кредибилитет и успех за изнаоѓање на решенија чии двигател е самата заедница во соработка со локалните институции. Оваа година, тие работат на воспоставување совет за родова еднаквост во општина Чаир.

Поврзување на младите луѓе со јавниот простор

Гостивар, како и многу други градови, се бори со вандализмот. Дел од младите луѓе го уништуваат јавниот имот и ги прават јавните простори неупотребливи. Една група во Гостивар е загрижена дека младите не ги гледаат јавните простори како заедничко добро односно многумина ги гледаат како цели за изразување на својот револт и поради тоа, не искажуваат голема почит кон своите врсници односно кон заедницата. Ваквото насилно однесување ги влошува поделбите помеѓу младите луѓе и заедницата, при што се создава поволно опкружување за други видови на криминал и за проширување на наративи на омраза.

‘Користи го’ - ‘Use It’

Гостивар | 2021-2022

Иницијативата „Користи го“ сака младите луѓе во Гостивар да ја чувствуваат заедницата како своја. Нивната иницијатива го става во фокусот вандализмот како симбол на презирот кои младите го чувствуваат кон својата заедница, што не само што ги прави јавните места неупотребливи, туку исто така придонесува кон чувството на несигурност. Тие сакаат да ги поттикнат младите да се грижат за својата заедница преку разубавување на локален парк и јавно кошаркарски терен. Дваесет млади луѓе учествуваа во работилницата за граѓанска одговорност која што се одржа во комбинација со курс за сликање, завршувајќи со реновирање на теренот, кој што беше отворен со организирање на кошаркарски турнир во заедницата на кој присуствуваат 200 локални млади лица.

Иницијативата „Користи го“ доби амбасадорски грант за спроведување на овој успешен модел за трансформација на друг заеднички простор и создавање на чувство за заедништво и заедница со цел надминување на проблемот со насилство помеѓу врсници. Продолжувајќи по остварениот успех во решавање на вандализмот во Гостивар, иницијативата „Користи го“ ќе се справува со насилството помеѓу младите со организирање на работилници на тема насилство помеѓу врсници во Гостивар. Тимот ја користи довербата стекната во локалната заедница од претходниот проект и уште еднаш го предводи реновирањето на уште еден јавен простор – а повеќенаменски спортски терен во срцето на градот – по што ќе следи спортски турнир за подигање на свеста за насилството помеѓу младите.

Зајакнување на младите како идни лидери и субјекти кои донесуваат одлуки

Политичката сцена во Северна Македонија е силно поларизирана вдолж политичките и етничките линии. Ваквата поларизација и тензичниот јавен дискурс ги одвраќа младите од било каков политички ангажман, со што нивните интереси не се застапуваат. Освен тоа, политичкиот ангажман во Северна Македонија најчесто се гледа преку призмата на партиско политичкиот систем, додека пак непартиското застапување засновано на конкретни прашања не е проминентно.

Четири тимови во Гостивар и во Скопје започнаа да обезбедуваат алтернативи во своите заедници преку ангажирање на младите да ги разберат локалните предизвици, да спроведуваат истражување, да ги градат капацитетите помеѓу своите врсници за застапување на конкретни прашања и активизам, кампањи за вклучување на младите луѓе во изготвувањето на политиките и ангажирање на младинските крила на политичките партии во кампањи за поконструктивен дискурс во рамките на и помеѓу партиите.

Извикај – ‘Shout Out’

Скопје | 2020-2022

Организацијата Извикај е искусна група на новинари кои сплотија заедно да ги застапуваат улогата на младите во изготвувањето на политиките за младите луѓе да можат да започнат и самите да застапуваат. Тие работеа со 10 влијателни лидери во Чаир во насока на споделување на искуствата преку инспиративни интервјуа. Овие интервјуа, заедно со кампањите на социјалните медиуми и сесиите на дијалози, го нагласија потенцијалот на младите луѓе да бидат двигател на промените во локалната политика, како и примери за улоги кои би можеле да ги играат во јавниот живот. Кампањата опфати 110.000 луѓе онлајн на сите платформи на социјалните медиуми.

ДемЛок

Скопје | 2021-2022

ДемЛок спроведе истражување за подобрување на можностите за соработка помеѓу локалните власти и младите граѓани. Почнувајќи со квалитативно истражување, групата спроведе иницијатива базирана на докази за градење на капацитетите како на младите така и на локалните власти, утврдување на можности за значајна соработка и трасирање на патот за поинклузивни политики во иднина. Тие го промовираа истражувањето преку организирање на панел во соработка со општина Центар, каде беа поканети релевантни претставници на академската заедница, стручњаци и младински активисти да зборуваат и на која присуствуваа 24 проминентни млади луѓе од заедниците на кои им беше дадена можност да ги споделат своите искуства во однос на пречките со кои се соочуваат младите при нивното вклучување во процесот на донесување на одлуки. Онлајн промоцијата на нивните наоди и истражувања опфати 33,000 луѓе.

Ние Можеме - 'WeCan'

Гостивар | 2021-2022

Нашата најмлада и најразнообразна група, Ние можеме, имаше цел да ги активира своите врсници во Гостивар повеќе да се ангажираат во граѓанското општество. По спроведувањето на анкетата на 432 млади луѓе од Гостивар, тие организираа летен камп во април 2021 година каде што беше применето неформално учење за поврзување и едуцирање на средношколци од најразлични средини. Во рамките на кампот, учесниците научија за поларизација, дискриминација, насилен екстремизам, градење на мирот, младински активизам и човекови права. Понатаму, организацијата Ние можеме, планира марш за подигање на свеста на правдата поврзана со животната средина. Во 2021 година, тимот обезбеди амбасадорски грант за организирање на уште еден камп за да им помогне на 21 млади активисти во Гостивар да ја разберат дискриминацијата, поларизацијата и насилниот екстремизам и да се зајакнат и мобилизираат за мир. Целните содржини кои беа поставени онлајн по работилниците, опфатија 11,000 млади луѓе од Гостивар.

Единство – ‘Unity’

Скопје | 2021-2022

Единство работи во насока на спротивставување на политичката поларизација преку зајакнување на соработката помеѓу политичките партии во Гостивар преку локалните партиски младински организации. Групата си зацрта подобро да ги разбере основните причини за поларизацијата кај младите и нивните ставови преку спроведување на истражување за политичката поларизација. По спроведеното истражување, Единство организираше низа состаноци кои кулминираа во изготвувањето на Меморандум за разбирање за заеднички младински приоритети во Гостивар, кој што беше потпишан од страна на сите политички партии. Петте видеа поставени нивната страница на социјалните медиуми го следат нивниот напредок од почеток до крај.

Како амбасадори, тимот координираше сликање на sид во Гостивар кој го симболизира единството на младите во нивната заедница и направија партнерство во организацијата Ние можеме во рамките на програмата Млади градови, со што го формираа тимот НиеЕдинство (WeUnity) за справување со поларизацијата и дискриминацијата во средните училишта во Гостивар. Тие во моментов спроведуваат истражување во одредени средни училишта во Гостивар за да ги согледаат ставовите на своите врсници во однос на разни прашања поврзани со поларизацијата, што понатаму ќе послужи како основа за организирање на четиридневна обука за 10-15 локални млади лица, кои ќе делуваат како гласници во својата заедница за спротивставување на наративите кои се во основата на дискриминацијата и поларизацијата во Гостивар.

Справување со прашањето на силеџиство и поддршка на жртвите на силеџиство

Силеџиството е честа форма на младинско насилство. Може да биде мотивирано од многу работи и често пати се влошува поради општествените поделби присутни во заедницата. Без оглед дали е физичко или вербално, резултатите можат да бидат разорни и да имаат и секундарни ефекти за заедницата бидејќи на тој начин се јакнат сторителите како силеџии и се ослабуваат жртвите. Два од нашите младински тимови во Гостивар се обидуваат да го решат овој предизвик и да обезбедат практична поддршка за жртвите на силеџиство на повеќе различни начини.

Организација „Impact YPC“

Гостивар | 2021-2022

Организацијата „Impact YPC“ се обидува да го намали силеџиството во гостиварските средни училишта преку работа со самите училиштата и со учениците. Тие се состанаа со психолизите од четири гостиварски средни училишта за да разберат како силеџиството се манифестира во секое од нив и да разгледаат можни решенија и механизми за поддршка за учениците погодени од оваа појава. Прво се одржаа низа сесии за советување и работилници за учениците кои се соочиле со силеџиството. Тимот соработуваше со психолог за да се обезбеди постојана поддршка, како и со работилници со физичко присуство така и преку месечни сесии на платофмата „Zoom.”Потоа беше изготвена училишна апликација во соработка со училиштата каде што учениците можеа да пријавуваат појава на силеџиство и полесно да побараат поддршка. Апликацијата започна да работи во јуни 2021 година.



Ослободи се – ‘Breakfree’

Гостивар | 2021-2022

Организацијата „Ослободи се“ целеше да зборува и со силеџиите и со нивните жртви, фокусирајќи се на формите на силеџиство кои не секогаш се целосно очигледни. Нивната иницијатива нагласува дека не секогаш силеџиството е намерно, но дека сепак има сериозни последици за жртвите и за општеството бидејќи на децата им се ускратува можноста да го остварат својот целосен потенцијал. Во нивниот оригинален проект „Ослободи се“ подготви 15 минутен оригинален филм каде што беше прикажана штетата која што ја предизвикува силеџиството. Тие го покажаа филмот како дел од училишна работилница и изложба. Тие се надоврзуваат на успехот на нивниот првичен проект со амбасадорски грант во рамките на кој се подготвува документарна серија за искуствата од прва рака поврзани со насилство помеѓу врсниците со кое се соочуваат младите во Гостивар, како и онлајн кампања чија цел е подигање на свеста во заедницата за последиците од ова прашање.

Користење на уметноста за активизам

Уметноста може понекогаш да се смета за чисто естетска појава, занемарувајќи ја нејзината моќ да биде двигател на социјалните промени. Ова може да влијае на начинот на кој уметниците го гледаат својот потенцијал како активисти. Млади градови гледа неверојатен потенцијал во уметноста за распакување на тешките социјални предизвици и поттикнување на луѓето да се променат. Нашите креативни групи во Северна Македонија ја пренесуваат оваа традиција со неверојатни вештини, користејќи различни медиуми за да нагласат критични прашања преку различни гледишта и активности.

Скаменети – ‘Stoned’

Скопје | 2020-2021

‘Self-Made’ се искусна група на млади филмаџии од Чаир. Иако се нови на полето на активизмот, тие ја знаат моќта што филмот ја има да ги трогне луѓето и сакаат да ја користат својата уметност за да им се обратат на ранливите млади во својата заедница и да се спротивстават на чувството на отуѓеност кои што многумина ги тера да се иселат во странство. Во рамките на оригиналниот филм Скаменети во траење од 20 минути, Self-Made решаваат многу предизвици со кои се соочуваат младите во Чаир преку измислените искуства на тројца млади мажи. Филмот се обидува да ја вреже важноста на заедништвото и да ги инспирира младите гледачи да станат активен дел од иднината на Чаир. Филмот беше прикажан во театарот за деца и млади во Скопје на двапати пред публика од 90 односно 120 луѓе.

Скопје низ моите очи

Скопје 2021-2022

Скопје низ моите очи се поврзува со младите кои не се заинтересирани за политика за да ги нагласи начините на кои тие можат да придонесат за својата заедница и да го поттикне граѓанското учество. Проектот се фокусираше околу програма за обука за фотографирање каде што медиумот се користи како начин за ангажирање на апатичните млади луѓе во активното граѓанство. Преку фотографии, 19 млади луѓе научија да го гледаат – и снимат – својот град на поинаков начин и да си го најдат своето место во него. Резултатите беа споделени преку кампања на социјалните медиуми што кулминираше во изложба во октомври 2021 година на која присуствуваат повеќе од 200 луѓе, додека пак нивната таргетирана онлајн кампања засегна 177,670 млади луѓе.

Скала

Скопје | 2021-2022

Списанието Скала е место за младите уметници во Скопје да се соберат и да бидат застапници на локални креатори. Во овој проект, тие го искористија своето списание да биде платформа за уметниците да проговорат за теми од општествено. Ова помогна за подигање на свеста за горливите прашања, но исто така претставуваше предизвик за улогата на уметноста во активизмот, поттикнувајќи ги уметниците да станат дел од поширокиот разговор, но и публиката да ја согледа уметноста како медиум за социјално изразување.

Во текот на овој проект, Скала се справуваше со различни општествени прашања – спроведување на граѓански активности, спротивставување на стереотипи и подобрување на политичката свесност – преку нивното списание, како и подкасти, видеа и отворени состаноци во насока на спојување на креативното изразување со социјалното застапување. Секоја од темите на списанието заврши со изложба со тематска уметност создадена од младите.

Списанието Скала ќе користи амбасадорски грант за и понатаму да ја користи својата широка мрежа на уметници и да ја канализира креативноста на уметниците во провокативна уметност базирана на прашања кои се однесуваат на чувствителни теми како што се поларизацијата и дискриминацијата. Скала исто така ги преточи своите минати пишани содржини во видео формат и организираше изложби на кои се прикажани придонесите од уметниците на три теми.

Такат

Скопје | 2021-2022

Такат, тим од искусни филмаџии, го насочи својот објектив кон ромската заедница во Скопје за да ги забележи нивните борби со социјалната и системската нееднаквост, како и за да ги прослави културолошките постигнувања на заедницата. Нивниот 16 минутен оригинален филм со наслов „Танцувај во овој хаос“, беше подготвен во соработка со ромската заедница во скопската населба Топаана. Во филмот се прикажува реалноста која што ја живеат Ромите во Северна Македонија, спротивставувајќи им се на негативните перцепции во надеж дека ќе се намали дискриминацијата. Филмот беше прикажан во октомври 2021 година на премиера во едно скопско кино и уште еднаш во декември пред публика од 170 луѓе. Ова беше надополнето со онлајн кампања која опфати 114.000 луѓе само на Инстаграм. Филмот потоа освои Гранд при на фестивалот Златно тркало во Скопје и е номиниран за награда на младинскиот филмски фестивал во Сараево.

Како амбасадори, тимот сега продуцира документарна серија во која се претставени успешни припадници на ромската заедница, кои се осврнуваат на своите искуства како припадници на ромската заедница и маките што ги издржале на патот кон успехот. На ова се надоврзува онлајн кампања која обезбедува контекст за нивните приказни преку постоечки истражувања и согледувања во системската природа на предизвиците кои тимот одлучи да ги нагласи.

Градски иницијативи во Северна Македонија

Млади градови пружи поддршка на општините Гостивар и Чаир за развој на нови програми за ангажман на младите. Проектите се развиени и спроведени во соработка со локалните Акциски тимови во заедницата – општински мулти институционални мрежи кои ги предводат активностите за превенција – во секоја општина и ги земаат предвид идеите на младите како при развојот така и во текот на спроведувањето.

Притоа ние работевме со локалните општини Чаир и Гостивар за да помогнеме во спроведувањето на политиките поврзани со младите. Претставивме клучни препораки од нашето истражување и соработувавме во насока на изнаоѓање на решенија. Исто така обучивме 12 општински претставници за најдобрите практики во врска со младите и го поддржавме развојот на два градски грантови за подобрување на дигиталната писменост и отпорноста на младите.

Спортски и младински развој

Гостивар | 2020-2022

Зајакнувањето на отпорноста на младите кон радикализација претставува основен приоритет на Општина Гостивар за 2020 година во согласност со Локалната стратегија за превенирање и спречување на екстремизмот. Дел од оваа стратегија е изнаоѓање на начини на кои спортот може да ги ангажира младите луѓе и да ја зајакне социјалната кохезија во оваа културолошки разнообразна општина.

Млади градови го поддржа овој пристап со тоа што му помогна на Гостивар да развие програма на ангажирање на младите преку спортот. Програмата има за цел да го зајакне лидерството, меѓучовечките и комуникациските вештини помеѓу младите, како и да им помогне да изградат односи со своите врсници од различни потекла.

Беа обучени 12 наставници по физичко образование и тренери од училиштата ширум општината и им беше овозможено да ги применуваат своите ново стекнати вештини во рамките на тридневен летен камп, кој содржеше менторски сесии со 31 млади луѓе од најразлично потекло. Како дел од оваа иницијатива, Општината се консултираше со експерти за развивање на водич за програма за обучување на обучувачи, кој што ќе се користи за да се обучат повеќе наставници и тренери.

Образование за дигитално граѓанство за зајакнување на отпорноста на младите од штетните влијаниа во интернет просторот

Чаир | 2020-2021

Најгусто населената општина во Европа, Чаир е дом на големо младо население кои што е погодено од радикализација и екстремизам во изминатата деценија. Како дел од поширокатa стратегија за спречување на насилниот екстремизам, Општината даде приоритет на градењето на отпорност, со фокус на спроведување на образовни реформи за градење на вештини за критичко размислување кај учениците.

Млади градови и помогна на Општина Чаир да развие програма на дигитално граѓанство врз основа на успешниот модел Бидете интернет граѓани на Институтот за стратешки дијалог. Тука се вклучени ресурси скроени согласно со потребите за обука на наставниците и на родителите за да им се помогне да ги разберат опасностите на интернет и да работат со младите во насока на создавање на посигурно виртуелно опкружување. Општината обучи вкупно 12 наставници и организираше тренинг сесии врз основа на прилагодениот водич за родители за опасности на интернет.

Во врска со едукативниот материјал, тимот за активности во заедницата на Чаир и Млади градови одржа низа „инспиративни говори“ во девет основни училишта каде што беа опфатени повеќе од 300 ученици од страна на лица кои завршиле во нивните училишта и кои имаат позитивно влијание врз општеството. Освен тоа, основните училишта, во соработка со Млади градови, спроведоа литературен натпревар каде што од учениците беше побарано да дадат свои согледувања за тоа што значи да се биде дигитален граѓанин. Поднесените трудови беа собрани и објавени во книга која што беше разделена низ целата општина.

Партнери

Локалните партнерски организации се составен дел од спроведување на програмата Млади градови во земјите во кои што работи. Тие обезбедуваат дека младите учесници добиваат постојана поддршка и насоки кои што им се потребни за да ги изградат своите проекти, справувајќи се притоа со реалните прашања на начини кои што се релевантни и имаат влијание. Локалните партнери можат да придонесат за дополнително прилагодување на програмата на нивниот контекст, нејзино поврзување со актерите во заедницата и да играат витална улога во поттикнување на креативните таленти кај младите луѓе.

ДЕМОКРАТСКА ЛАБОРАТОРИЈА / DEMOCRACY LAB

Association for Democratic Advancement
DemocracyLab

Демократска лабораторија е непрофитна, непартиска организација посветена на демократските вредности, која прави поместувања во однос на клучните институционални реформи и гради мостови за соработка во Северна Македонија и Западен Балкан. Има разнообразно портфолио на влијателни проекти во областа на безбедност, медиумска писменост, борба против дезинформации, граѓански ангажман и јакнење на младите. Демократската лабораторија се стреми да изгради мрежи и партнерства насочени кон посилна и поодржлива демократија. Организацијата се справува со најгорливите предизвици на модерните демократии во развој со иновативни решенија, притоа ангажирајќи ги најдобрите локални таленти.

ЦЦГ /CENTRE FOR COMMON GROUND

Centre for common Ground

Центарот за заедничка основа (ЦЦГ) е поврзан со глобалната организација за градење на мир „Изнаоѓање на заедничка основа“ (www.sfcg.org), и работи во насока на помирување, меѓуетнички односи и стабилност во Западен Балкан уште од 2008 година. Мисијата на ЦЦГ е да го трансформира начинот на кој луѓето и заедниците се справуваат со конфликт – подалеку од пристапите базирани на спротивставеност и поблиску до решенија базирани на соработка. Работи со локални партнери во насока на изнаоѓање на културно соодветни средства за зајакнување на капацитетите на општествата за конструктивно справување со конфликти: разбирање на разликите и делување во насока на она што е заедничко. Преку користење на иновативни алатки како што се образование, медиумска продукција – ТВ и радио емисии, обука, музика, театар и работење на различни нивоа во општеството, ЦЦГ се работи во рамките на прагматични долгорочни процеси на трансформација на конфликтите.

ЛОГО НА ГОСТИВАР

ЛОГО НА ОПШТИНА ЧАИР

UNIVERSAL STUDIOS
SCENE
TAKE
ROLL
10
1
5
DATE 30/10/2021
SOUND
PROD.CO
DIRECTOR
CAMERAMAN

O'clock



Контактирајте нè

Emir Hasanović
Email: eh@isdglobal.org
Tel: +389 72 570 394

Simeon Dukic
Email: sd@isdglobal.org
Tel: +44 207 493 9333

Следете нè

@scn.youngcities

@scn.youngcities

young cities

www.youngcities.com

STRONG CITIES

www.strongcitiesnetwork.org

ISD | Powering solutions to extremism and polarisation

Beirut | Berlin | London | Paris | Washington DC

isdglobal.org

@ISDglobal

PO Box 75769 | London | SW1P 9ER | UK

Registered charity number: 1141069 © ISD, 2022. All rights reserved. Any copying, reproduction or exploitation of the whole or any part of this document without prior written approval from ISD is prohibited. ISD is the operating name of the Trialogue Educational Trust.

March 2022